АНАЛИЗА

# СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ НА НОВИНАРСКИОТ КАДАР ВО МРТ, КАКО ЈАВЕН СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ, И РЕФЛЕКСИЈАТА ВРЗ НИВНИОТ ПРОФЕСИОНАЛИЗАМ И ОБЈЕКТИВНОСТА ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО



Скопје, ноември 2022 година

# АНАЛИЗА:
# „СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ НА НОВИНАРСКИОТ КАДАР ВО МРТ, КАКО ЈАВЕН СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ, И РЕФЛЕКСИЈАТА ВРЗ НИВНИОТ ПРОФЕСИОНАЛИЗАМ И ОБЈЕКТИВНОСТА ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО“

Автор: Фиљана Кока, магистер по нови медиуми и социјални мрежи

Лектор: Маја Катарова

Скопје, ноември 2022 година

Здружение на новинарите на Македонија

THE SIGRID RAUSING TRUST

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Сигрид Раусинг Траст. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторот и не ги одразува нужно гледиштата на Здружението на новинарите на Македонија и на Сигрид Раусинг Траст.

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ВОВЕД | 4 |
| ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ПО НОВИНАРСТВО ВО СВЕТСКИ РАМКИ И ВО РСМ | 5 |
| СОСТОЈБИ СО ОБРАЗОВАНИЕТО НА НОВИНАРСКИОТ КАДАР ВО МАКЕДОНСКАТА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА И ДРУГИТЕ ЈАВНИ СЕРВИСИ ОД ОПКРУЖУВАЊЕТО – Хрватска радио-телевизија (ХРТ) | 8 |
| ИНТЕРВЈУ СО ДОМАШНИ И СО СТРАНСКИ ЕКСПЕРТИ ОД ОБЛАСТА | 15 |
| ЗАКЛУЧОК | 21 |
| РЕФЕРЕНЦИ | 23 |

# ВОВЕД

Слободните и независни медиуми се еден од основните столбови на демократското општество. Едно од основните барања за демократската стабилност, став кој е застапен во различни документи и анализи и кој несомнено ја оправдува својата вистинитост. Парламентарното заседание на Советот на Европа, деценија и пол претходно резимираше дека за постоењето и правилното функционирање на слободните и независни медиуми, неопходна е одговорност и професионализам на страната на новинарите, а тоа, пак, бара стручно образование и обука на новинарите. (Совет на Европа, документ бр.11170, 2007г.)[1] Комитетот за култура, наука и образование при Советот уште во 2007 година ќе констатира дека медиумите во Европа сè повеќе работат без национални граници: новинарите сè повеќе се движат низ државите и пишуваат за теми од странство или за теми што се релевантни за публиката во странство, а медиумските производи се шират преку границите. Овие случувања отвораат нови можности за новинарите и поставуваат нови барања од нив, како што се нови вештини, поголемо знаење и континуирано учење. Од друга страна, интернетот овозможи, не само новинарите, туку и секој граѓанин да пласира, да прима и испраќа информации и мислења во онлајн-просторот. Тоа несомнено го исправа новинарот пред дополнителни предизвици за што му е потребно, не само образование, туку и постојана едукација. Но, претходното формално образование и обуката на новинарите не треба да бидат барања наметнати од државните органи, туку како цели да се следат од страна на новинарите и од самите медиуми. Од друга страна, Советот на Европа потсетува дека, иако слободата на изразување и информирање преку медиумите е воведена во сите европски устави, сепак мора да се посвети посебно внимание и на имплементацијата на овие норми, како и на професионалното образование и континуираното градење на капацитетите на новинарите. Советот на Европа е уште подециден во смисла на дефинирањето на новинарството на јавниот сервис како клучно за градење информирани општества во ерата на дигиталната врева, нарушување, дезинформации и на политички притисоци.[2]

Во демократските општества, граѓаните мора да примаат независни, непристрасни, точни и релевантни вести така што вестите и актуелните работи се основната и дефиниирачка содржина за медиумите на јавниот сервис, а со зголемените предизвици на дигиталната ера, уште поважно е јавниот сервис да произведува препознатливо, квалитетно и етичко новинарство, како доверлив извор на информации достапни за сите.[3] Но, во исто време мора да биде и влијателен глас во дебатата

1 **Doc.11170**, 5 February 2007, **Professional education and training of journalists,** Report Committee on Culture, Science and Education Rapporteur: Rafael Huseynov, Azerbaijan, ALDE

2 https://www.ebu.ch/public-service-journalism , пристапено на 15.6.2022

3 https://www.ebu.ch/public-service-journalism, пристапено, 5.5.2022

за дезинформации, да ја охрабрува поддршката за професионалното новинарство и етичките стандарди и да работи на развивање технички решенија и соодветни рамки за меѓународна политика. Во таа насока, сè погласни се тврдењата дека професионализмот на новинарите е детерминиран од нивното ниво на образование, особено во јавните сервиси. Пред сè, поради тоа што терцијарното образование е, всушност, подготовка за одговорностите на професионален новинар наспроти практикант, почетник - аматер или кој било друг профил. Универзитетите ја промовираат наставната програма во насока на стекнување професионален идентитет како новинар, не помалку во насока на поттикнување етички и правно одговорни постапки. Имајќи предвид дека професионалното образование и натамошната обука на новинарите се суштински и во интерес на општеството, државите треба да ги поддржат таквите напори бидејќи медиумите играат инструментална улога во едно демократско општество и воопшто на демократскиот европски континент. Етичките прашања и стандарди припаѓаат на најсуштинските субјекти на стручното образование и обука на новинарите. Тие го гарантираат квалитетот на медиумите. Квалитетот на медиумите е во интерес и на новинарите и на издавачите и, пред сè, на јавноста.[4]

# ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ПО НОВИНАРСТВО ВО СВЕТСКИ РАМКИ И ВО РСМ

Првата школа за новинарство е основана во САД, во 1908 година, на Универзитетот во Мисури. Европското новинарство е професионализирано во втората половина на 19 век поради зголемената потреба за новинари. Но, за да се задоволи оваа зголемена побарувачка на новинари од 19 век, нови групи на луѓе се втурнаа во заземањето на новинарската професија, што доведе до севкупен пад на нивото на образование.[5] Состојбите дополнително ги усложнува сфаќањето дека новинарството е „професија на талент“, односно дека се работи за индивидуален талент со кој некој се „родил“. Овој став некое време ги попречува напорите да се развие академското новинарско образование, така што тоа ќе се случи дури кон крајот на векот. Најраните траги од новинарското терцијарно образование датираат од Германија, на Универзитетот во Хајделберг, иако како неуспешен обид, но, сепак, тоа ќе успее кратко време подоцна. Во 1916 година, Карл Бухер (1847–1930), поранешен уредник на Франкфуртер цајтунг и професор по економија, го основал Институтот за цајтунгскунде на Универзитетот во Лајпциг.[6] Последователно, како

4 http://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/X2H-Xref-ViewHTML.asp?FileID=11446&lang=EN, пристапено на 17.7.2022

5 http://ieg-ego.eu/en/threads/european-media/journalism, пристапено 16.5.2022

6 http://ieg-ego.eu/en/threads/european-media/journalism, пристапено 16.5.2022

резултат на тоа, тој се смета за татко на студиите по модерно новинарство. Новинарската професија првично доживеа сличен развој и во другите европски земји. Во втората половина на 19 век, новинарството почна да се професионализира, што дополнително доведе до појава на новинарски и професионални здруженија и иницијативи за новинарско образование. Сега на новинарството му недостасуваат истите предуслови за професионализација што можеа да се најдат во други форми на вработување во современото општество. Меѓутоа, кон крајот на 19 век, во Германија, веќе почнува „informelle Professionalisierung“ или процес на „неформална професионализација“. Тоа го придружуваше развојот на новинарството во големо занимање, кое беше означено како „Verberuflichung“, односно „окупационализација“. Занимање кое беше придружено со норми, регрутирање млади професионалци и поврзана растечка самосвест. Напредокот на професионализмот се покажува и со појавата на државни и професионални организации, како и почетните напори на крајот на 19 век за обука на новинари. Развојот на новинарството во 20 век во Европа, како и во другите делови на светот, беше веќе под влијание на технолошките иновации. Откривањето на електромагнетните бранови доведе до појава на радиото како масовен медиум, кое беше воведено во сите европски земји, во 1920 година. Во повеќето случаи, радиоемитувањето беше организирано или поврзано со државата. Само во Велика Британија, поради кралската повелба, британската радиодифузна корпорација (Би-би-си) доби карактер на компанија како „јавен сервис“.

Новинарството веќе почна да вклучува и користење подвижни слики за пренесување информации. Тоа, пак, бараше да се развијат нови формати или да се прилагодат оние на вестите и радиото, вклучувајќи преноси во живо, информативни програми, новински списанија, документарни филмови, интервјуа, ток-шоуа итн. Бидејќи аудиовизуелниот медиум вклучува многу сложени продукциски техники, сега беа потребни други професионални улоги (сниматeл, уредник итн.), заедно со вистинската новинарска компонента. Во „јавната“ телевизија, новинарите, во голема мера, беа независни, и покрај корпоративната контрола и ослободени од притисокот на рејтингот на гледачите и преференциите на публиката. Поради новите технологии за пренос (кабел, сателит), тоа се промени во 80-тите години на минатиот век, кога емитувањето од приватниот сектор беше овластено и во Западна Европа. Сиве овие околности наизменично се одразуваа и на системот на образование на новинарите. Пред 1848 година, бројот на новинари во Германија се проценува дека бил околу 400, до крајот на векот веројатно имало 2.500, а до 1906 година веќе околу 4.600 новинари. Спротивно на долгогодишните претпоставки, германските новинари во 19 век биле високо образовани. Ова веќе важеше за претходниот период на Вормарц (пред 1848 година). Покрај тоа, имаше вишок дипломирани студенти и немаше доволно позиции во владата или економијата. Ова резултираше со долготрајно пренаселување на книжевниот пазар. По 1848 година, новинарската професија привлече луѓе, кои, на пример, од политички причини немаа други можности за работа во општеството. Додека новинарството претставуваше „излез“ за некои од

нив од личните неволји, а други прибегнаа кон професијата како „вични писатели“, за сè поголем број тоа стана професионална цел од самиот почеток. Ситуацијата беше мошне слична и во други европски земји. Но, со влезот на новите технологии, пред сè, на интернетот, повторно се зголеми потребата од професионални новинари. Во Европа и пошироко во светот сега има многубројни универзитети, на кои може да се запишат и да се завршат студии по новинарство.

Во земјава, покрај на Правниот факултет во Скопје, „Јустинијан Први“ при УКИМ, на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на Тетовскиот универзитет, новинарство може да се учи и на Универзитетот „Мајка Тереза“, каде што студентите учат општи предмети до втора година, а потоа одлучуваат дали ќе продолжат на студии по комуникација или новинарство. Се чини, во земјава, како да доцнат процесите. Станува проблематично бидејќи се намалува интересот за студирање новинарство, тенденција која трае повеќе од две и пол децении, така што ако во 1977 имало 125 заинтересирани, во учебната 2020/21 година биле само 10-15 студенти за студии по новинарство. „На оваа ситуација секако дека како фактори прво влијаат новите медиуми и нивното влијание врз традиционалното новинарство. Денес секој може да си направи свој медиум (блог, профил на некоја социјална мрежа или портал) и да пишува што сака и како сака. Второ, состојбата со медиумскиот систем, во кој медиумите се инструментализираат од политичките елити, па новинарите ја губат својата изворна функција да бидат чувари на демократијата и стануваат послушници. Трето, малите плати на новинарите или големата нееднаквост во примањата“. Јасна Бачоска Недиќ, 2020[7]

Стручната јавност тврди дека терцијарното образование е, всушност, подготовка за одговорностите на професионален новинар наспроти практикант - аматер. Универзитетите ја промовираат наставната програма во насока на стекнување професионален идентитет како новинар, не помалку за поттикнување етички и правно одговорни постапки.[8] Терцијарното образование ги подготвува студентите за позицијата на владеење на јавниот дискурс, што ги диференцира како професионални наспроти „аматерите“. Овие испреплетени дискурси на етичко и критичко истражување, законитост и владеење се доминантни при разбирањето на професионалната потврда за „авторитетно“ новинарство, кое се поттикнува токму преку новинарското високо образование.[9] Исто како што занаетчиите професионалци добиваат елитен статус преку изразеното познавање на нивниот занает, така професионалните новинари имаат уникатно познавање на одговорностите што доаѓаат преку известувањето за јавен интерес. Ваквото разбирање на новинарската професионалност влијаеше за унапредување на високото образование од високообразов-

7 https://bit.ly/3ciPpzz преземено на 18.8.2022

8 https://researchbank.swinburne.edu.au/file/f8d27346-bbca-4186-85ba-646333e62d88/1/PDF%20%28Pulished%20version%29.pdf, пристапено, 1.8.2022

9 https://researchbank.swinburne.edu.au/file/f8d27346-bbca-4186-85ba-646333e62d88/1/PDF%20%28Pulished%20version%29.pdf, пристапено, 1.8.2022

ните институции во насока на развојот на  новинарскиот професионален самоидентитет. Во рамките на овој дискурс, професионалните новинари се гледаат како одржувачи, односно лица ангажирани за  обезбедување и управување со „добриот живот“ внатре во општеството во кое се наоѓаат. Токму преку студирањето се подготвуваат за „интерпретативната работа“. Така што високото образование е поставено како давање професионални атрибути за извршување практична, етичка, па дури и толкувачка работа, нешто што аматерите или граѓанските новинари немаат знаење или авторитет тоа да го сторат.[10]

# СОСТОЈБИ СО ОБРАЗОВАНИЕТО НА НОВИНАРСКИОТ КАДАР ВО МАКЕДОНСКАТА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА И ВО ДРУГИТЕ ЈАВНИ СЕРВИСИ ОД ОПКРУЖУВАЊЕТО - Хрватска радио-телевизија (ХРТ)

Во нашето опкружување, јавните радиодифузери произлегоа од еден ист систем на поранешната заедничка држава СФРЈ. Но, по осамостојувањето, иако минуваат низ слични транзициски периоди, сепак тие создаваат различни систематизации и распределби на работните позиции на новинарскиот кадар, и тоа пред сè во информативната програма, која е ’рбетот на секој јавен сервис. Веќе 20 години, според правилата на ХРТ, не постои можност некој да се вработи како новинар доколку нема високо образование.[11] Единствено може да работат како новинари со средно образование тие што се вработиле уште во 1990-тите (Зовко Хрвоје, 2022). Според Зовко, претседателот на Хрватското здружение на новинарите и долгогодишен новинар и уредник во информативната програма на ХРТ, она што ѝ недостига на ХРТ во нејзината Информативна програма е почитувањето на етичките норми, односно професионалните стандарди, кои во последните шест години се многу нарушени, а тие што предупредуваат на тоа се изложени на притисоци, закани и на дополнителна маргинализација. „Она што ми се чини е дека во Информативната програма на ХРТ има многу повеќе уредници отколку новинари. Проблемот на ХРТ не е само прашањето дали има доволно новинари, туку проблемот е што „неподобните“ новинари, пред сè членови на Здружението на новинарите

10 https://researchbank.swinburne.edu.au/file/f8d27346-bbca-4186-85ba-646333e62d88/1/PDF%20%28Pulished%20version%29.pdf, пристапено, 1.8.2022

11 Зовко Хрвоје, претседател на Здружението на новинарите на Хрватска (ХНД),  интервју за потребите на анализата, 25 април 2022

во Хрватска и на синдикатите, токму тие што се залагаат за попрофесионална ХРТ, без цензура и политички притисок, се, всушност, маргинализирани, и не им се доделуваат новинарски и уреднички работни места што се соодветни на нивното знаење и углед. Важно е да се истакне дека во 2016 година, со враќањето на политичката партија ХДЗ на власт, преку ноќ беа разрешени 74 новинари, уредници и технички персонал од раководните позиции, што беше случај без преседан во историјата на ХРТ" - Хрвоје Зовко, 2022. Токму тоа оддалечување на професионалците и соодветно образованите кадри од програмата оневозможува јавниот сервис ХРТ да биде главниот мотор, односно двигател на медиумската сцена во Хрватска. Напротив, поради непрофесионалците што раководат, ХРТ стана најголемиот проблем на медиумската сцена, за што зборуваат многу меѓународни институции. Падот на професионалните стандарди како шема придонело за голем егзодус на квалитетни кадри, кои својата професионална среќа ја барале во други медиуми, пред сè во комерцијална телевизија. „ХРТ мора да биде огледало на сите граѓани, граѓани што плаќаат ТВ претплата, а не партиска телевизија каква што е сега. А тоа ќе се постигне со праведно и професионално новинарство, кое подразбира секојдневно давање точни информации и третман на теми што се во интерес на граѓаните. Вистина, а не цензура. Сево ова несомнено е поврзано со тоа што во формална смисла, уредници треба да бидат луѓе со долгогодишно новинарско искуство, а новинарите да бидат луѓе што имаат знаење, вештини, да имаат завршено високо образование по новинарство или, пак, општествени науки." (Зовко,Х. 2022). Според Зовко, во систематизацијата на ХРТ има новинари што се рангирани како почетници или репортери, новинари, уредници - координатори. Меѓутоа, реалноста е дека информативната програма на ХРТ е под контрола на владејачката партија ХДЗ, а главните новинарски и уреднички задачи најчесто ги извршуваат квалификувани луѓе што се согласуваат на сè, вклучително и на цензура. ХРТ има и своја Академија каде што креативниот персонал може да научи снимање, монтажа и сите други вештини што се неопходни во денешно време, но тоа не се користи доволно поради истите причини.

Кај нас во земјава, состојбата на вработените во ЈРП МРТ, согласно годишниот извештај до 31.12.2021 година, изнесува вкупно 704 лица, што е помалку за 9 лица или 1,3 отсто во однос на состојбата на 31.12.2020 година.[12] Од нив, вработени со ВСС се 323, а со ССС 307. Оваа бројка се однесува за вкупно вработени во МРТ.

12 Годишен извештај за работа на јавно радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2021 година https://bit.ly/3CCFpf5, пристапено 10.8.2022

| Состојба на | Д-р | М-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2020 | 1 | 26 | 301 | 20 | 326 | 0 | 29 | 10 | 713 | |
| | | | | | | | | | | |
| 31.12.2021 | 1 | 38 | 323 | 11 | 307 | 0 | 21 | 3 | 704 | -9 |
| Структура 31.12.2021 (%) | 0.1% | 5.4% | 45.9% | 1.6% | 43.6% | 0.0% | 3.0% | 0.4% | 100.0% | -1.3% |

ТАБЕЛА 1: СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

Во текот на 2021 година во ЈРП МРТ имало 26 нови вработувања (15 лица со ССС, 10 со ВСС и 1 магистер) и тоа: 8 новинари, 2 стручни соработници, 5 снимателие камермани, 1 спикер, 1 снимател на тон, 1 оператор на програма, 1 техничар-оператор на линкови, 5 техничари и 2 пожарникари. Во истиот период, вкупно 37 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ, од кои по основ на стекнување на правото за пензионирање заминати се 26 лица и меѓу кои 4 новинари со ВСС и други вработени. Заклучно со 1 јули 2022 година заминати се уште 60-тина вработени, меѓу кои повеќе од една третина новинарски и уредувачки кадар. Очигледно дека тоа што повеќе од 20 години е регулирано во ХРТ, во смисла на вработување новинари само со високо образование, не е случај со Македонската радио-телевизија. Според правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска радио-телевизија од 23.4.2020 година, на позицијата новинар 3 се предвидува вработување новинарски кадри со средно образование, и тоа во сите редакции, вклучително и во Информативната програма.[13]

13 Правилник за систематизација на работните места во ЈРП Македонска Радиотелевизија од 23.4.2020 г. https://mrt.com.mk/sites/default/files/Правилник%20 за систематизација на ЈРП МРТ април-2020.pdf, преземено на 18.7.2022

| II.МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА – МТВ | |
|---|---|
| ПС II – 1 Прв програмски сервис на МТВ | |
| 1. Информативна програма | |
| 1.2 Редакција за внатрешна политика | |
| Реден број | 349 |
| Шифра | ИНФ 03 04 Б02 001 |
| Ниво | Б2 |
| Назив на работно место | Новинар 3 во редакција за внатрешна политика |
| Број на извршители | 02 |
| Вид на образование | Средно |
| Други посебни услови | Познавање еден светски јазик |
| Работни цели | По налог на уредникот конципира, подготвува и изработува помалку сложени прилози и емисии и извршува други помалку сложени задачи што ќе му ги довери непосредниот раководител, соработува во сите сегменти во производството и учествува во целиот тек на создавањето на проектот, при извршувањето на работните задачи по потреба управува со моторно возило. |
| Работни задачи и обврски | • По налог на уредникот конципира, подготвува и изработува прилози, емисии и друго, според планот и востановените стандарди на програмата на ниво на помалку сложени задачи.<br>• Соработува и учествува во сите сегменти на создавање одреден проект.<br>• Подготвува синопсиси и учествува во севкупниот процес на реализација на новинарските прилози.<br>• Подготвува неделни и месечни извештаи за сопствената работа.<br>• Подготвува поедноставни емисии од соодветната област.<br>• Должен е за континуирано унапредување на сопственото образование и посета на обуки. |
| Одговара пред | Уредник на редакција за внатрешна политика |

ТАБЕЛА 2

Во членот 11 од распоредот  и описот  на работните места утврдени се и опишани вкупно 487 работни места на даватели на услуги со вкупно 950 извршители распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на ЈРП Македонска радио-телевизија, од кои пополнети се 618 извршители.

Вкупниот број извршители на даватели на услуги утврдени во ставот (1) од овој член, меѓу кои спаѓаат уредниците и новинарите, се распоредени на следниов начин:

| Ниво | Систематизирани работни места | Пополнети работни места |
|---|---|---|
| А1 | 14 | 8 |
| А2 | 26 | 17 |
| А3 | / | / |
| А4 | 126 | 78 |
| **Б1** | **330** | **175** |
| **Б2** | **374** | **271** |
| Б3 | 65 | 56 |
| Б4 | 15 | 13 |
| Вкупно | 950 | 618 |

ТАБЕЛА 3 (Б1 новинар 1 и новинар 2; Б2 новинар3)

Значи дека и во следниот период во ЈРП МРТВ ќе се вработат уште 103 новинари со средно образование на позиција Б2, што претставува речиси две третини од оние што се планирани за позицијата Б1, која вклучува новинар 1 и новинар 2 и бројката заедно изнесува 155 извршители. Предвидената бројка на вкупно вработени новинари со средно образование од 374 извршители наспроти новинари со високо образование од 330 извршители е за 44 извршители поголема. Доколку се земе предвид дека во оваа бројка на 330 извршители со високо образование влегуваат и оние од позиција новинар 2 и од позиција новинар 1, тогаш е повеќе од јасно дека ваквиот соодност покажува  тенденција за вработување на новинари со средно образование, што е сосема во спротивност со тенденциите на јавните сервиси, не само во Европа, туку и во опкружувањето, како во случајот со ХРТ.

Во членот 14, во однос на посебните услови за вработување, се посочени и детално условите за вработување на новинарите од овие три позиции, и тоа:

**а) стручни квалификации:**

- за нивото **Б1** стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен;
- за нивоата **Б2**, **Б3** и **Б4** стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование;

**б) работно искуство, и тоа:**

- за нивото **Б1** најмалку три години работно искуство во струката,
- за нивото **Б2** најмалку две години работно искуство во струката,
- за нивото **Б3** најмалку една година работно искуство во струката,
- за нивото **Б4** со или без работно искуство во струката;

Прашањето е зошто за новинар што се вработува на позицијата новинар 3 (Б2) од градацијата на новинарската дејност во МРТ се потребни најмалку две години работно искуство? Каде би го стекнал тоа искуство или, пак, се отвора можност за други малверзации при вработувањата на младите кадри, како што се регрутирањата на партиски кадри, непотизам и други злоупотреби. Од друга страна, за позициите новинар 1 и новинар 2 се бара високо образование. По неколкугодишно искуство, новинарот 3 може да бара унапредување на својата позиција, но како тогаш новинарот 3 ќе стане новинар 2 или 1 доколку нема соодветно образование според систематизацијата, односно високо образование. Доколку во меѓувреме не заврши високо образование, не ќе може да напредува, со што тоа првично му е оневозможено. Нешто што може да му наштети на новинарот во неговото напредување во кариерата.

Во својот статут, јавниот сервис, ЈРП Македонска радио-телевизија ја потенцира важноста од професионални новинари, кои ќе создаваат и ќе емитуваат висококвалитетна програма.[14] Во членот 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се определени стандардите и начелата според кои треба да се води јавниот сервис, меѓу кои и дека при продукција или презентација на програмите новинарите и уредниците во МРТ, како и лицата што директно се инволвирани во производство и продукција на програмите на МРТ, покрај другото, се должни да ги почитуваат критериумите за квалитет, стручност, културни вредности и професионална компетентност, во смисла на достигнатите национални и европски признати највисоки професионални стандарди и етички принципи за независно новинарство и квалитетна програма. А нејзините обврски дефинирани во членот 110 меѓу другото се однесуваат на создавање и емитување програми што се однесуваат на медиумската писменост.[15] Оттука дилемата дали со планираните повеќе од половина од новинарите што ќе бидат со средно образование, МРТ ќе успее да ги испорача законските обврски и зацртаните стандарди и норми во сопствените акти.

14 https://mrt.com.mk/sites/default/files/Статут ЈРП МРТ_2019_год..pdf преземено на 05.06.2022

15 https://avmu.mk/wpcontent/uploads/2017/05/Zakon_za_audio_i_audiovizuelni_mediumski_uslugi_mkd_1.pdf, преземено 04.06.2022

Иако степенот на професионално образование кај новинарите не е мерка за нивото на професионализација на новинарството, а во многу земји, со голем дел квалификувани новинари, сè уште има ниско ниво на професионална автономија, заеднички стандарди и ориентација на јавни услуги (Hallin & Mancini 2004)[16], сепак образованието е важен дел во процесот на професионализација на одредено занимање (Freidson 2001).[17] Преку образованието, професионалното знаење и вредности се пренесуваат во нова генерација на професионалци, вклучително и во новинарството. Во Германија, околу 80 проценти од новинарите имаат завршено и високо образование, иако тие често имаат дипломи од други области, сепак бројката на високообразовани новинари е неспорно висока. Програмите во новинарството во Велика Британија имаат различен фокус, тие одат дури и подалеку. Според британската истражувачка Доника Менсинг (2011), поважно е студентите по новинарство, наместо да се подготвуваат за застарена новинарска улога, фокусирајќи се за известување и текстови, студентите да научат да го поврзуваат локалното со глобалното додека сè уште се млади, и тоа да стане начин на размислување.[18] Нивниот апел е да се развиваат целите и методологиите на програмите за новинарските студии. Во студијата, која опфаќа пет земји, се забележуваат многу разлики во улогата на програмите во новинарството во нив. Во Шведска, најмалку девет универзитети нудат академски програми во новинарството, 78 отсто од новинарите имаат академска диплома, а 46 отсто имаат академска диплома новинарство (Strömbäck et al. 2012)[19]. Во Финска, процентот е помал, само 25 отсто од новинарите имаат академска диплома по новинарство од еден од трите универзитети што доделуваат такви дипломи (Јиркиаинен и Хеинонен 2012)[20]. Во Русија во 1990-тите, процентот на дипломирани новинари се намали, но од 2000 година расте. Кај младите новинари, 44 отсто имаат диплома по новинарство (Pasti et al. 2012)[21]. Во Полска, програмите во новинарството имаат послаба позиција. Новинарството е вклучено во програмите за комуникација на девет универзитети, но само 31 отсто од полските новинари имаат академска диплома во новинарство (Степинска и др. 2012)[22]. Во Естонија нема достапни слични податоци. Има две академски програми по новинарство, во Тарту Универзитетот (со силна теоретска основа) и подоцнежниот во Талин, кој се фокусира главно на телевизиското новинарство и медиумите на руски јазик (повеќе практични), (Lauk 2009). Односот меѓу стручните и теоретските елементи во наставната програма е прашање и извор на конфликт во многу

16 Hallin, Daniel and Mancini, Paolo (2004) Comparing Media Systems. Three Models of Media and Politics. Cambridge: Cambridge University Press

17 Freidson, Eliot (2001) Professionalism: The third logic. Cambridge: Polity Press

18 http://www.diva-portal.org/smash/get/diva2:665879/FULLTEXT01.pdf , пристапено на 8.8.2022

19 Strömbäck, Jesper, Nord, Lars, Sheata, Adam (2012) Swedish Journalists:Between Professionalization and Commercialization. In: Weaver and Willnat (eds.) The global journalist in the 21st century. London: Routledge.

20 Jyrkiainen, Jyrk and Heinonen, Ari (2012) Finnish Journalists: The quest for Quality amidst New Pressures. In: Weaver and Willnat (eds.) The global journalist in the 21st century. London: Routledge.

21 Pasti Svetlana, Chernysh Mikhail, Svitich Luiza (2012) “Russian Journalists and their profession.” In: Weaver David and Willnat Lars(ed) The global journalist in the 21st century. London: Routledge.

22 Stepinska, Agnieszka et al. (2012) The Journalists and Journalism in Poland. In:Weaver and Willnat (eds.)The global journalist in the 21st century. London: Routledge.

програми во новинарството (Josephi 2009)[23]. Во својата статија, Хуго де Бург (2003)[24] пишува дека вештините не се доволни за потребата од размислување во програмите во новинарството. Хоаким Фидалго (2006)[25] аргументира во иста насока за професионалното знаење надвор од спротивставувањето на теоријата и практиката. Фидалго ја потенцира предноста на преместувањето на прашањата за практичното знаење во квалификациски модел, каде што теоретските и практичните вектори соработуваат наместо да се спротивставуваат еден на друг.

# ИНТЕРВЈУ СО ДОМАШНИ И СО СТРАНСКИ ЕКСПЕРТИ ОД ОБЛАСТА

За нашата анализа, домашните и странските експерти дадоа одговори за влијанието на професионалното високо образование врз професионализмот на новинарите, како и за тоа дали јавниот сервис треба да биде лидер во професионализацијата на новинарските кадри. Главно тие се со изедначени ставови во однос на унапредувањето на степенот на вработувањето на високообразованите новинарски кадри.

За актуелната состојба со образованието на новинарите и дали во информативните редакции во медиумите, особено во јавниот сервис, е задоволително и какво образование е потребно за новинарите во информативните програми, раководителот на Одделението за применети истражувања на ИСППИ, и долгогодишен познавач на состојбите во МРТ на која проблематика докторирал, Климе Бабунски (2022)[26] е на ставот дека, како и во многу други сфери, образованието е проблематично. Повеќе причини се во заднина, смета тој. „Ако зборуваме за вработени новинари, тогаш за мене клучната работа не е во новинарите, туку во уредниците, во тие што ја водат организацијата, во случајов редакцијата. Претпоставувам дека ниту една редакција нема план за постојано усовршување на новинарите, и од аспект на технички вештини (нови технологии), а и од аспект на усовршување во одделни области (политика, економија, образование, наука и сл.) и дека веројатно нема пари, а уште повеќе нема волја да се променат состојбите. Бабунски, 2022

Според Дејан Георгиевски (2022)[27], извршен директор на Центарот за развој на ме-

23 Josephi, Beate (2009) Journalism Education. In: Wahl-Jorgensen & Hanitzsch (eds.) The handbook of journalism studies, pp. 42-56. London: Routledge.

24 de Burgh, Hugo (2003) Skills are not enough. Journalism Vol. 4(1) pp. 95–112 de Burgh, Hugo (ed.) (2005) Making journalists. London: Routledge.

25 Fidalgo, Joaquim (2006) Professional knowledge beyond the opposition of theory and practice. Paper presented at the IAMCR Conference. 23–28 July, Cairo, Egypt

26 Бабунски Климе, интервју за потребите на анализата, 11 мај 2022, Скопје

27 Георгиевски Дејан, центар за развој на медиумите, интервју за потребите на анализата, 8 мај 2022, Скопје

диумите, состојбата и не е толку лоша. Фактот што високото образование одамна не е прашање на привилегија и е широко достапно, најверојатно води кон тоа најголемиот број новинари во информативните редакции да имаат факултетска диплома. „Немам детални податоци за образовната структура на редакциите во медиумите во земјава, меѓутоа може да се очекува дека постојат новинари од „постарата" генерација што немаат високо образование. Се разбира, во новинарството, како отворена професија, тоа не мора ништо да значи." Георгиевски, 2022

Според Борис Бергант, претставник од Европската радиодифузна унија, во минатото имало моменти кога високото образование не бил првиот предуслов за новинарите. Новинарството се сметаше за уметност, како пишувањето романи. Никој не го прашува романсиерот или поетот за неговото образование, туку за неговата релевантност и квалитет.[28]

Универзитетскиот професор по новинарство од Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово (ЈИЕ) Сефер Тахири (2022)[29], чија специјалност е МРТ, состојбата од аспект на образованието на новинарите ја оценува како оптимална. „Во редакциите се ангажирани новинари, кои во голем процент имаат дипломи од студиите по новинарство или комуникации, а дел од нив се со факултетско образование од неновинарски студиски програми. Во јавниот сервис, одреден дел од новинарите немаат високо образование, односно се само со средно образование." Тахири, сепак, е дециден дека за професионализмот во медиумите генерално е потребно новинарите да имаат завршено високо образование по новинарство или комуникации, а за одредени области, односно новинарски рубрики, може да се ангажираат и новинари што завршиле студиски програми во соодветните области.

Во однос на дилемата дали постојат квалитетни новинари што немаат формално образование, експертите се поделени, а Бабунски вели: јас не познавам „добри" новинари. Борис Бергант потенцира дека главниот предуслов во минатото било пишувањето и формулирањето на талентот. Главно одредено познавање од областа (економија, право итн.) се сметало за евентуална пречка - новинарот треба да биде „во круг" и талентиран да ги истражува фактите и да ги провоцира тие што ги интервјуира (според теоремата каква што ја има без глупави прашања). Оваа способност требаше да преовладува за да се добие вистинскиот преглед и одговори за пошироката популација.

Георгиевски, иако не може да даде добри примери кај нас, сепак вели дека не му се верува, дека „Нова Македонија" ја основале и ја создавале, особено во првите неколку децении, само дипломирани новинари. Во светот има примери на славни и почитувани новинари што немаат високо образование, но мора да се каже дека се ретки. „Денес сметам дека тоа е крајно ретка појава (веројатно сè почеста на

28 Борис Бергант, Европска радиодифузна унија, интервју за потребите на анализата, мај 2022 година.

29 Тахири Сефер, универзитетски професор, интервју за потребите на анализата, 21 јуни 2022, Скопје

интернет како платформа за информирање отворена за сите граѓани, но и тука повеќе се работи за недостиг од специјализирано новинарско образование отколку за недостиг од високо образование во целина) поради фактот дека високото образование е широко достапно и бројот на граѓани што завршуваат високо образование во светот, па така и кај нас, постојано расте.“ Георгиевски, 2022

Тахири вели дека е приврзаник на идејата дека професионалните добри новинари можат да бидат само образовани новинари. Сигурно дека постојат и дел од нив што немаат високо образование, но тоа не треба да биде правило во медиумската сфера.

- Вечно е прашањето дали е поцелисходно и посоодветно да се вработуваат новинари со соодветно високо образование отколку општо високообразовни кадри, чиј одговор е секогаш личен, односно зависи од случај до случај, смета Климе Бабунски. Имено, пазарот или понудата на квалитетна новинарска работна сила нуди и едни и други случаи.“ Во таа смисла, не знам за правило што би значело апсолутизација на една од понудените алтернативи“, Бабунски, 2022. Новинарството е отворена професија во која специјализираното образование може да биде предност, но не е неопходен услов. Особено во специјализираните области, веројатно новинар што има завршено економија, подобро ќе покрива економски теми. Исто така, еден добар број од „добрите“ и најпознатите новинари кај нас се економисти, правници, има доста со завршена компаративна книжевност. Второто прашање во нашата земја е проблемот со квалитетот на нашите студии по новинарство, за кое одамна е раширено мислењето дека, со чест на малку исклучоци, произведуваат значително неквалитетни кадри. Исто така, поради егзистенцијалната и егзистенцијалистичката криза на новинарството (и во материјална и во филозофска смисла), очигледно е дека сè помалку млади се запишуваат на студиите по новинарство или ја гледаат професијата како кариерен избор. Како што стојат работите, ќе мора да се навикнеме дека со новинарство ќе се занимаваат тие што го сакаат тоа, а не нужно тие што „учеле за тоа“. Тоа веќе, во голема мера, го гледаме на интернет, каде што блогери со специјализирано образование или познавање на дадената област знаат да нудат одлично информирање во својата област - Георгиевски 2022.

Бергант, претставникот од Европската радиодифузна унија, посочи дека времињата драматично се промениле. Општествата станаа пософистицирани, публиката доби повеќе медијални опции (јавни, комерцијални, медиуми посветени на содржини, онлајн-портали итн., но и конкуренција на точни и лажни информации, како и прашањето за идентификување на пропагандата). Но, исто така, дипломите во други области, особено економијата, правото, политичките науки и социологијата, можат да бидат од големо значење за да се справат со предизвиците на современото општество. Правилното и перманентно образование, исто така, е гаранција за разбирање и влијание, за трајно подобрување на етичките норми и за професионалните стандарди. Но, мора да се разбере дека новинарите со завршено средно

образование треба да бидат практично обучени за даден медиум (радио, ТВ-станица, онлајн-медиуми, печатени медиуми). Внатрешната обука е неопходна пред и за време на професионалната кариера.

Бергант потенцира дека како и општествата во целина, така и медиумите треба да го практикуваат методот на перманентно образование, како периодични семинари за професионална обука и дискусии за етика, оперативни практики, нови формати и технологии и нивна оптимална имплементација, јавна дипломатија со клиентите итн. Професорот Тахири  вели дека, не само како дипломиран новинар, туку од искуството на новинар и уредник во многу медиуми, го застапува ставот дека предност секогаш треба да имаат дипломираните новинари или комуниколози, на второ ниво треба да бидат дипломираните по односи со јавноста и политички науки, а на трето ниво да бидат дипломираните по другите области.

Во однос на искуството во врска со рефлексијата на образованието на професионалниот однос на новинарите (почитување етички норми и професионални стандарди), Бабунски смета дека е несомнено тој што вложил или вложува во сопственото образование, сеедно дали се работи за поединец или за редакција, многу повеќе ќе посвети внимание и ќе покаже одговорност кон етичките и професионалните стандарди. „За да се поставаат вистинските прашања и/или да се претстави реалниот контекст, мора да се познава проблематиката. Зад ова секогаш стои упатеност, образованост и професионална вештина. Не е исклучено, но многу ретко, тие што ги имаат овие квалитети, да дозволат да бидат „превеслани“, Бабунски, 2022.

Претставникот од Европската радиодифузна унија, Борис Бергант потенцира дека новинарството се состои во перманентно проучување на деонтолошките и практичните области од животот. Квалитетното новинарство може да се реализира само со перманентно истражување и (двојна/тројна) проверка на фактите и ставовите. Новинарството мора да се гради на транспарентност и отчетност, вклучително прифаќање на критиките од публиката, исправањето на грешките и учењето од нив. И покрај тоа што ги почитуваат овие норми, новинарите ја одржуваат и ја обезбедуваат својата независност, која оди рака под рака со професионализмот, вклучувајќи го образованието,  што е и основна причина на нивната мисија.

Исто така, и според Георгиевски, формалното новинарско образование секако дека обезбедува идните новинари да се информирани за новинарската етика и за професионалните стандарди. Но, сепак, тој смета дека клучни за етичкото и за професионалното известување се саморегулаторните инструменти, особено на ниво на поединечно редакции - редакциски омбудсмани, уредници за односи со публиката и сл. Секако, од големо значење е и работата, односно менторството на поискусните новинари и уредници  во развојот на младите новинари. Не можеме да очекуваме дека тоа што имаме Совет за етика во медиумите е доволно. Вистинската саморегулација мора да се спроведува внатре во редакциите. Професорот Тахири

јасно посочува дека поголемиот број на дипломираните новинари, иако не сите, имаат познавање и почит кон професионалните стандарди и етичките норми, а со тоа имаат пообјективен и покоректен пристап во извршување на новинарските задачи. „Но, тоа сметам дека не е случај и со дел од новинарите што завршиле други факултети, кои полесно се манипулираат, односно за разни интереси одлучуваат многу лесно да го прекршуваат кодексот на новинарите.“

Во однос на ситуацијата со новинарството, односно дали заради подобрување на состојбите во новинарството, МРТ како јавен сервис би требало да биде лидер во поставувањето и спроведувањето на стандардите наспроти приватните и другите медиуми, Бабунски оценува дека јавниот сервис може и мора во сопствените рамки соодветно на сопствената мисија и природа, задачите што ги има, да ги одреди и да ги применува и секако да ги обелодени сопствените стандарди. Јавниот сервис ниту може, ниту треба да поставува и да спроведува стандарди во однос на другите медиуми. Секако, останува прашањето за универзалноста на професионалните стандарди, но тоа е веќе прашање на секој медиум одделно. Во таа смисла, мора да ги прифатиме разликите меѓу јавниот сервис, комерцијалните медиуми, непрофитните медиуми, локалните медиуми или медиумите на заедниците. „Тука може да се зборува за професионална конкурентност, но да не очекуваме дека постои само една гравитациона точка и дека тоа мора да е јавниот сервис. Имено, природата, улогата и задачите, на пример меѓу јавниот сервис и комерцијалните медиуми, се различни, па и стандардите ќе се разликуваат, но секако разликите ќе мора да се во рамките на универзалноста на професионалните стандарди.“ Бабунски, 2022

Од друга страна, според Георгиевски, јавниот радиодифузен сервис секако треба да ги почитува највисоките стандарди, практики и добри обичаи во новинарството, но не само во новинарството, туку во секој вид програма и содржини (информативна, забавна, образовна итн.). Не сум сигурен дека јавниот сервис треба да ги одредува стандардите за приватните и за другите медиуми. Стандардите се дефинираат на ниво на професија, а не на ниво на институција. Она што ним им треба, се внатрешни системи за саморегулација, за проверка на фактите (пред објавување) и за исправање на грешките тогаш кога ќе се случат. Да се надеваме дека грешки ќе има што помалку, а тогаш кога ќе ги има, ќе има и системи што ќе обезбедат нивно навремено исправање. „Јавниот сервис, се разбира, треба да предводи, со тоа што ќе нуди информирање што ги почитува сите стандарди на професијата и ќе стори сѐ, не само да ги исправа направените грешки, туку и да го спречи нивното настанување.“ Тахири предочува дека јавниот сервис треба да биде столб на медиумскиот систем и тој треба да ја има клучната, а не маргиналната улога во општеството. „Како медиум, основан и финансиран од публиката/граѓаните, треба да биде во функција на јавниот интерес, а тоа ќе биде доволен патоказ и за другите медиуми што имаат приватна сопственост, но треба да ги остваруваат јавните обврски.

За тоа што е потребно јавниот сервис да биде медиум кому граѓаните ќе му веруваат, Бабунски смета дека ова прашање преставува Коперникански пресврт. Значи

дека Сонцето не се врти околу Земјата, туку Земјата околу Сонцето. Не случајно се вели дека односот меѓу јавниот сервис и власта упатува на нивото на демократија во конкретната земја. Мора да постои соодветна животна околина, која овозможува постоење на јавниот сервис, но не од помала важност е и самиот јавен сервис како организација да има свои внатрешни квалитети, кои околината - власта ќе ја држат на сигурна оддалеченост. Всушност, јавниот сервис постои заради јавноста и граѓаните, а не заради власта и партиите, заклучува Бабунски. Георгиевски е на стојалиште дека обврските на јавниот сервис, принципите што треба да ги следи и почитува се кодифицирани во закон и во повеќе меѓународни документи. Сметам дека ниското ниво на доверба се должи, првенствено, на изминатите неколку децении од осамостојувањето, а тоа е последица на начинот на кој политичките центри на моќ го третираа - како плен во политичката борба и примарно, како средство за ширење партиска и владина пропаганда. Втор проблем е што цело време активно се работи на поткопување на неговата економска одржливост, со потценување и со лошо финансирање. Радиодифузијата, особено телевизијата, е скапа работа и споредено со најголемиот број јавни радиодифузни сервиси во регионот (да не одиме подалеку), МРТ има многу помалку средства на располагање, што директно се одразува на исполнувањето на мисијата на куќата. Од друга страна, сметам дека најголемиот број од оние што ја критикуваат МРТ, најверојатно не ги гледаат нејзините програми, или ги интересира (ова се однесува на професионалната каста на новинари, како и на политичарите и активистите од граѓанскиот сектор) само тоа какви се вестите на МРТ. Сметам дека, колку пари има на располагање, МРТ е барем подеднакво добра како и британската Би-би-си. Она што треба да се направи е целосна реформа на управните и на раководните тела. Програмскиот совет треба да биде пошироко, побројно, претставничко тело, во кое ќе бидат застапени сите различни групи во нашето општество. На МРТ треба да ѝ се обезбедат доволно средства за да може на своите сегашни пет ТВ програмски сервиси и четири радиски сервиси да нуди највисок квалитет на програмски содржини. Што се однесува до информативниот сегмент, МРТ сериозно мора да работи на своето присуство на новите платформи за дистрибуција - интернет, мобилни уреди итн. - мора да воспостави интегрирани редакции и мора да се обиде да ги привлече најквалитетните новинари (за тоа се потребни добри плати, што значи, повторно повеќе пари). Довербата во јавниот сервис може да се постигне, потенцира професорот Тахири, ако овој медиум ги оживее своите главни компоненти: универзалност (да покрива со сигнал над 90 отсто од територијата, независност (од политичките партии и другите општествени фактори), различност (во однос на програмската понуда, жанровската разноликост и публиката на која ѝ се обраќа) и препознатливоста како јавен медиум, различен од комерцијалните телевизии и радија.

Кокреаторот на медиумските политики на европскиот простор и бранител на слободното новинарство, поранешен заменик-претседател на ЕБУ, Борис Бергант, (2022)[30] ја претпочита предноста, новинарите во јавниот сервис да се со високо образование, дури ако тоа не се студии по новинарство, туку економски или правни науки. Бергант, сепак, смета дека неизоставно и постојано треба да се има внатрешен систем за перманентно образование, семинари, обуки итн.

30 Бергант Борис, поранешен потпретседател на ЕБУ, интервју за потребите на анализата, 27 јуни 2022

# ЗАКЛУЧОК

Терцијарното новинарско образование е всушност подготовка за одговорен професионален новинар, а високообразовните институции се одговорни за градење на новинарскиот професионален самоидентитет. Парламентарното заседание на Советот на Европа, деценија и пол претходно резимираше дека за постоењето и правилното функционирање на слободните и независни медиуми неопходна е одговорност и професионализам на страната на новинарите, а тоа, пак, бара стручно образование и обука на новинарите. Советот на Европа е уште подециден во смисла на дефинирањето на новинарството на јавниот сервис како клучно за градење информирани општества во ерата на дигитална врева, нарушување, дезинформации и политички притисоци. Јавниот сервис, МРТ, во својот статут ја потенцира важноста од професионални новинари, кои ќе создаваат и емитуваат висококвалитетна програма. Но, наспроти одредбите за условите за вработување на новинарите во ХРТ само со високо образование, во МРТ сè уште се вработуваат новинари со средно образование, чија бројка е речиси иста колку новинарите со високо образование.

Високото образование одамна не е прашање на привилегија и е широко достапно, па очекувањата се дека најголемиот број новинари во информативните редакции треба да имаат факултетска диплома. Иако постојат новинари што се професионални, иако немаат високо образование, тоа не треба да биде правило во медиумската сфера. Експертите од областа се со став дека предност при вработувањето секогаш треба да имаат дипломираните новинари или комуникологзи, на второ ниво треба да бидат дипломираните по односи со јавноста и политички науки, а на трето ниво да бидат дипломираните по други области. Тој што вложил или вложува во сопственото образование, сеедно дали се работи за поединец или редакција, многу повеќе ќе посвети внимание и ќе покаже одговорност кон етичките и професионалните стандарди. За да се поставaат вистинските прашања и/или да се претстави реалниот контекст, мора да се познава проблематиката, а зад тоа секогаш стои упатеност, образованост и професионална вештина. Па, така, иако не е исклучено, сепак многу ретко, тие што ги имаат овие квалитети, ќе дозволат да бидат изманипулирани.

Поголемиот број од дипломираните новинари, иако не сите, имаат познавање и почит кон професионалните стандарди и етичките норми, а со тоа имаат пообјективен и покоректен пристап во извршувањето на новинарските задачи. Тоа не е случај и со дел од новинарите што завршиле други факултети, кои полесно се манипулираат, односно за разни интереси одлучуваат многу лесно да го прекршуваат кодексот на новинарите. Кога се говори за јавниот сервис, во однос на другите медиуми, тогаш може да се зборува за професионална конкурентност, но да не очекуваме дека постои само една гравитациона точка и дека тоа мора да е јавниот сервис. Имено, природата, улогата и задачите, на пример меѓу јавниот сервис и комерцијалните

медиуми, се различни, па и стандардите ќе се разликуваат, но, секако, разликите ќе мора да се во рамки на универзалноста на професионалните стандарди. Конечно, јавниот сервис треба да претставува лидер во промените во медиумскиот сектор, со тоа што ќе нуди информирање, кое ги почитува сите стандарди на професијата и ќе стори сè, не само да ги исправа направените грешки, туку и да го спречи нивното настанување. Јавниот сервис треба да биде столб на медиумскиот систем и тој треба да ја има клучната, а не маргиналната улога во општеството. Тој постои заради јавноста и граѓаните, а не заради власта и партиите. Што се однесува до информативниот сегмент, МРТ мора сериозно да работи на своето присуство на новите платформи за дистрибуција - интернет, мобилни уреди итн. - мора да воспостави интегрирани редакции и мора да се обиде да ги привлече најквалитетните новинари (за тоа се потребни добри плати, што значи, повторно повеќе пари.

Довербата во јавниот сервис може да се постигне ако овој медиум ги оживее своите главни компоненти: универзалност (да покрива со сигнал над 90 отсто од територијата, независност (од политичките партии и другите општествени фактори), различност (во однос на програмската понуда, жанровската разноликост и публиката на која ѝ се обраќа) и препознатливоста како јавен медиум, различен од комерцијалните телевизии и радија преку вработување на високообразовани новинарски кадри.

Новинарството може да се појави во секакви контексти, но доколку не придонесе за важноста на јавната дискусија, тогаш се сведува само на  врева. Токму тоа е она што го издвојува од другите форми на комуникација, а  тоа се постигнува преку новинари што се со високо образование и кои својата едукација ја продолжуваат како магистри или преку постојано обуки. МРТ треба да ги следи овие трендови и да ја напушти практиката на вработување новинари со средно образование поради професионалната конкурентност, за да може да предводи во почитувањето на професионалните стандарди и да биде столб на медиумскиот систем, кој ќе ја има клучната, а не маргиналната улога во општеството. Затоа што МРТ постои заради јавноста, заради граѓаните, од чии пари се финансира, а не заради власта, партиите или кои било други центри на моќ.

# РЕФЕРЕНЦИ

Committee on Culture, Science and Education Rapporteur , **Professional education and training of journalists** Doc.11170, 5 February 2007, , Report: Rafael Huseynov, Azerbaijan, ALDE

de Burgh, Hugo (2003) Skills are not enough. Journalism Vol. 4(1) pp. 95–112 de Burgh, Hugo (ed.) (2005) Making journalists. London: Routledge.

Fidalgo, Joaquim (2006) Professional knowledge beyond the opposition of theory and practice. Paper presented at the IAMCR Conference. 23–28 July, Cairo, Egypt

Freidson, Eliot (2001) Professionalism: The third logic. Cambridge: Polity Press

Hallin, Daniel and Mancini, Paolo (2004) Comparing Media Systems. Three Models of Media and Politics. Cambridge: Cambridge University Press

Josephi, Beate (2009) Journalism Education. In: Wahl-Jorgensen & Hanitzsch (eds.) The handbook of journalism studies, pp. 42-56. London: Routledge.

Jyrkiainen, Jyrk and Heinonen, Ari (2012) Finnish Journalists: The quest for Quality amidst New Pressures. In: Weaver and Willnat (eds.) The global journalist in the 21st century. London: Routledge.

Pasti Svetlana, Chernysh Mikhail, Svitich Luiza (2012) "Russian Journalists and their profession." In: Weaver David and Willnat Lars(ed) The global journalist in the 21st century. London: Routledge.

Stepinska, Agnieszka et al. (2012) The Journalists and Journalism in Poland. In:Weaver and Willnat (eds.)The global journalist in the 21st century. London: Routledge.

Strömbäck, Jesper, Nord, Lars, Sheata, Adam (2012) Swedish Journalists:Between Professionalization and Commercialization. In: Weaver and Willnat (eds.) The global journalist in the 21st century. London: Routledge

Бабунски Климе, интервју за потребите на анализата, 11 мај 2022, Скопје

Бергант Борис, поранешен потпретседател на ЕБУ, интервју за потребите на анализата, 27 juni 2022

Георгиевски Дејан, Центар за развој на медиумите, интервју за потребите на анализата, 8 мај 2022, Скопје

Годишен извештај за работата на јавно радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2021 година https://mrt.com.mk/sites/default/files/Годишен извештај за работа на ЈРП МРТ за 2021г.pdf , пристапено 10.08.2022

Зовко Хрвоје, претседател на ХНД, интервју за потребите на анализата , 25 април 2022

Правилник за систематизација на работните места во ЈРП Македонска радио-телевизија од 23.4.2020 г. https://mrt.com.mk/sites/default/files/Правилник%20 за систематизација на ЈРП МРТ април-2020.pdf, преземено на 18.7.2022

Тахири Сефер, универзитетски професор, интервју за потребите на анализата, 21 јуни 2022, Скопје

**Интернет-линкови:**

http://www.diva-portal.org/smash/get/diva2:665879/FULLTEXT01.pdf, преземено на 1.5.2022

https://mim.org.mk/attachments/article/1092/Istrazuvanje_za_obrazovnite_potrebi_na_novinarite_i_publikata.pdf, преземено на 4.5.2022

https://www.ebu.ch/public-service-journalism, пристапено, 5.5.2022

https://avmu.mk/wpcontent/uploads/2017/05/Zakon_za_audio_i_audiovizuelni_mediumski_uslugi_mkd_1.pdf, преземено 4.6.2022

https://mrt.com.mk/sites/default/files/Статут__ЈРП__МРТ_2019_год..pdf, преземено на 5.6.2022

http://ieg-ego.eu/en/threads/european-media/journalism, пристапено 16.5.2022

https://www.ebu.ch/public-service-journalism , пристапено на 15.6.2022

https://ssnm.org.mk/komentari/ќе-остане-ли-македонската-седма-сила, преземено на 18.6.2022

http://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/X2H-Xref-ViewHTML.asp?FileID=11446&lang=EN, пристапено на 17.7.2022

https://mrt.com.mk/sites/default/files/Етички кодекс на МРТ_0.pdf, преземено на 18.7.2022

https://researchbank.swinburne.edu.au/file/f8d27346-bbca-4186-85ba-646333e62d88/1/PDF (Published version).pdf, пристапено, 1.8.2022

https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Zakon_za_audio_i_audiovizuelni_mediumski_uslugi_mkd_1.pdf пристапено на 5.8.2022 г

https://ssnm.org.mk/komentari/ќе-остане-ли-македонската-седма-сила, преземено на 18.6.2022

Здружение на новинарите на Македонија